**До:** "МАРТИ ХИГИЕНА" ДООЕЛ Струмица
Ул."Мајка Тереза" бр.1-3/5 Струмица
2400 Струмица

**Наш број:** Уп.08-27
**Дата:** 28.11.2023 г

**Предмет:** Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "МАРТИ ХИГИЕНА" ДООЕЛ Струмица, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 28-11-2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "МАРТИ ХИГИЕНА" ДООЕЛ Струмица, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата "МАРТИ ХИГИЕНА" ДООЕЛ Струмица, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

"МАРТИ ХИГИЕНА" ДООЕЛ Струмица, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со бр.0303-1174/01 од 21.11.2023 год. и наш бр.УП08-27 од 24.11.2023 год. за

продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РСМ
- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за седум вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист, три лица со средно образование и три лица со основно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “МАРТИ ХИГИЕНА” ДООЕЛ Струмица, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020).

На ден 28.11.2023г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “МАРТИ ХИГИЕНА” ДООЕЛ Струмица. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска